ЛЕКЦИЈА 05

# ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА НОВИНАРСТВОТО

ПОДГОТОВКА : 30' | НАСТАВА : 1 X 60'

## АПСТРАКТ

Ова сценарио за учење ги воведува во содржина основните принципи на новинарството, поточно што треба да содржат или да вклучуваат работите што очекуваме да ги видиме во доброто медиумско известување. Најчестиот принцип во новинарството е таканаречениот принцип "5W+1H". Ова значи дека вашите информации треба да содржат одговори на следните 5 прашања: Кој, што, зошто, кога и каде, а исто така и како?

## КЛУЧНИ ЗБОРОВИ

*Новинарство, Принципи, Известување, 5W+1H, кој, што, зошто, кога и каде, а исто така и како?*

## ОНЛАЈН ЕДУКАТИВНИ РЕСУРСИ

- *Лекција за основни принципи на новинарство од mediactiveyouth.net*
- *Prezi презентација Основата на одговорното новинарство*
- *Интересен и корисен блог Journalistics*
- *Трите мали прасиња, кратка приказна, цртан филм од Волт Дизни*
- *Превртената пирамида*
- *Поема од Радијард Киплинг*

## ЦЕЛТА НА ЛЕКЦИЈАТА

Цел на оваа лекција е студентите да се стекнат со разбирање на основните принципи на новинарството, а исто така и со главните информации кои треба да ги содржи одговорното репортирање и новинарство. Основните принципи се најдобро објаснети и претставени преку методот "5W+1H". Ова значи нека секоја статија во вестите треба да дава информации и одговори на прашањето Кој, Што, Кога, Каде, Зошто и Како.

## РЕЗУЛТАТИ ОД ЛЕКЦИЈАТА

Учесниците ќе се здобијат до подобро разбирање на основните принципи на новинарството, а исто така и со главните информации кои треба да ги содржи одговорното репортирање и новинарство. Ќе се здобијат и со знаење за круцијалните, најважните информации кои било која вест треба да ги содржи ("5W+1H"), и редоследот по кој треба да се напишани и распоредени.

## **ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА** НА ЛЕКЦИЈАТА

**1-5 минути: Загревање** - Ефективен начин за вклучување на учесниците и поставување на заеднички очекувања за тоа што ќе научат е да се постават неколку прелиминарни прашања на оваа тема. Едукаторот ја воведува темата и содржината на часот, подготвува PowerPoint/Prezi презентација; различни наставни методи: предавање, дискусија, саморефлексија.

**5-25 минути: Заедничко учење** – првите 20 минути учесниците зборуваат за основните правила на одговорното новинарство. Едукаторот го воведува принципот"5W+1H" – основни прашања што треба да ги има секоја вест: Кој, Што, Кога, Каде, Зошто и Како. Користете ја песната на Киплинг "I Keep Six Honest Serving Men" за да ги направите овие принципи незаборавни и лесни за паметење.

**25-45 минути: Користење на веб ресурси како материјал** – во првите 8 минути учесниците гледаат цртан филм „Трите мали прасиња". Потоа следи дискусија – како би ги примениле принципите "5W+1H" – како би одговориле на овие прашања? Додека презентирате и разговарате за содржината, погрижете се да комуницирате со слушателите и да ги поттикнете на активно учество.

**45-55 минути: Едукаторот го покажува дијаграмот со превртена пирамида** и им го објаснува на учесниците редоследот на информациите. На тој начин учесниците сфаќаат дека веста/натписот прво треба да ги содржи најосновните и најфундаменталните информации, потоа да ја следи главната приказна, а потоа да додаде придружна содржина и дополнителни информации.

**55-60 минути: Заклучок** Направете кратко резиме на лекцијата и поставете неколку прашања чии одговори ќе помогнат да се потенцираат најважните пораки кои треба да се запомнат.

## МАТЕРИЈАЛИ / АЛАТКИ

Видео проектор, лаптоп/компјутер, интернет конекција, Moodle/Prezi, YouTube.

PowerPoint/Prezi презентација, збогатена со визуелни материјали (слики и видео записи) и фактички информации базирани на истражување.